

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНА НАСТАВА НА ФАКУЛТЕТИТЕ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 30.12.2019 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-12141
31.12 2019 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на чл. 94 од Законот за високо образование („Сл. весник на Р. Македонија" бр.82/18) и член 72 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 82-та седница одржана на ден 30.12.2019 година, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК

за изведување на практична настава на факултетите на Европски Универзитет Скопје

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот и условите за организирање на практична наставана за студентите на Европски Универзитет Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

Член 2

Практичната настава е задолжителна за сите студенти на првиот и на вториот циклус на студии и претставува еден од условите за запишување во наредната студиска година, во согласност со студиските програми на факултетите.

Сите студенти се обврзани да поминат одреден број денови во практична настава во текот на студиската година, која неможе да биде пократка од 30 (триесет) дена. Практичната настава не може да трае помалку од еден, ниту повеќе од осум часа во текот на денот.

Член 3

Практичната настава се одвива во институции и правни лица кои во составот на својата дејност организираат работа за која студентите се образуваат.

Универзитетот потпишува договори за соработка со институциите и правните лица каде се изведува практичната настава.

Член 4

Практичната настава ја организира и координира Центарот за кариера на ЕУ Скопје. Центарот за кариера е должен да ги информира студентите за сите аспекти на изведувањето на практичната настава.

Член 5

Секој наставник во рамките на својот предмет до Центарот за кариера треба да достави програма за практична настава.

Член 6

За време на обавување на практичната настава секој студент е должен да води Дневник за реализираните активности за време на практичната настава.

Студентот може да ја предложи организацијата во која сака да ја обавува својата практична настава.

Доколку студентот сам ја обезбеди својата практична настава должен е до својот матичен факултет да достави потврда од организацијата и термините во кои ќе ја обавува практичната настава.

Центарот за кариера, кој е задолжен за целокупна организација на практичната настава, го разгледува предлогот на студентот и донесува одлука за обавување на практичната настава за секој студент поединечно.

Член 7

Студентите се должни да ги почитуваат дадените прописи и правила со што би се зачувала и обезбедила сигурноста во текот на одвивањето на практичната настава. Студентите кои нема да ги почитуваат правилата за заштита, дисциплина и сигурност ќе бидат повлечени и ќе им се забрани одвивање на практична настава.

Студентот кој намерно или од невнимание ќе нанесе штета на организацијата во која ја обавува својата практична настава, должен е истата да ја надомести и против него ќе биде покрената дисциплинска постапка.

Член 8

За време на обавување на практичната настава студентите се должни да водат евиденција на реализираните доверени задачи во посебен Дневник за практичната настава и да изработат стручен труд во облик на семинарска работа.

После завршување на практичната настава студентот треба да побара од раководителот да му го прегледа Дневникот и стручниот труд, да даде мислење и описна оценка, по што му се дава потврда за завршената практична настава.

Потврдата за завршената практична настава и Дневникот му се

предаваат на Деканот, кој пак по неговото прегледување го доставува до предметниот професор.

Предметниот професор извршената практична настава ќе ја потврди со потпис во индексот.

Член 9

Студентите се должни да поднесат извештај (дневник) за обавената практична настава. Дневникот треба да биде доставен до Службата за студенски прашања, и истиот претставува составен дел од досието на студентот.

Завршни одредби

Член 10

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 11

За измени и дополонувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 12

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:

Вонреден проф.д-р Љупчо Котировски

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ 1 СКОПЈЕ